Архивски број: 08-108/к
21-01-2026 година

Постапувајќи по претставка бр.08-581/1 од 22.07.2025 година, поднесена од лицето ------------- и претставка бр.08-601/1 од 05.08.2025 година, поднесена од -------------, споени со заклучок бр.08-581/8 од 01.10.2025 година, против -------------и неговата подружница -------------за сторена дискриминација врз основ на личен или општествен статус во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основ на личен или општествен статус во областа на работата и работните односи од -------------, врз лицата ------------- и -------------.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 22.07.2025 година лицето -------------, вработен на неопределено време во -------------на работно место „-------------„ поднесе претставка бр.08-767/до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата). Во претставката, подносителот наведува дека постои основано сомневање за директна дискриминација во областа на работните односи од страна на неговиот работодавач. Имено, против него и повеќе други лица, вработени во ---------------------------, се води кривична постапка пред Основниот кривичен суд Скопје -------------,). Со Решение У -------------, година, донесено од Основниот кривичен суд Скопје, против него биле определени повеќе мерки на претпазливост, меѓу кои и „------------- ".

Веднаш по приемот на судското решение, со барање бр. 04-2749 од 13.12.2024 година, подносителот се обратил до директорите и Секторот за правни и општи работи на -------------информирајќи ги за изречените мерки и барајќи писмени насоки за тоа кои работни задачи може да ги извршува или да му биде дадено задолжение за друго работно место согласно моето образование, со цел да се испочитува судската одлука, а да го задржи работното место. Наместо да постапат по неговото барање, работодавачот -------------со писмен налог бр. 04-2769/3 од 18.12.2024 година, го отстранува од работа почнувајќи од 17.12.2024 година, со образложение дека „во текот на работата или во врска со работата стори дејствие кое има обележје на кривично дело". Со налогот ми е определен надоместок на плата во висина од 50%.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Според подносителот на претставката клучниот момент кој претставува дискриминација е нееднаквиот третман што работодавачот го применува кон него во споредба со други вработени кои се наоѓаат во идентична правна и фактичка ситуација. Како пример го наведува случајот со обвинетиот -------------, исто така вработен во -------------, на кој со идентично судско решение му се изречени истите мерки на претпазливост, вклучително и забраната за преземање на определени работни активности. Сепак, против него работодавачот не донел писмен налог за отстранување од работа и тој продолжил да ги извршува своите работни задачи. Исто така, и други сообвинети лица од истата кривична постапка, кои се вработени во друга подружница на истата компанија, -------------, или воопшто не биле суспендирани или доколку биле се вратени на работа во јуни 2025 година, иако кривичната постапка против нив се уште е во тек и мерките на претпазливост не се укинати. Поради ваквиот нееднаков и селективен пристап, подносителот преку неговиот полномошник, се обратил до -------------со Барање за враќање на работно место, во кое детално го образложил дискриминаторскиот третман и побарал да бидам вратен на работа, кое барање не е прифатено од страна на работодавачот.
Доказ: Барање за враќање на работно место бр. 03-1308 од 05.06.2025 година.

Поради наведеното предлага Комисијата да утврди дека -------------извршиле директна дискриминација врз подносителот ------------- во областа на работните односи, ставајќи го во нееднаква положба во споредба со други вработени во иста компанија кои се наоѓаат во идентична правна и фактичка положба.

На 05.08.2025 година претставка до Комисијата поднесе и лицето ------------- вработена во ------------- на неопределено време на работно место „ -------------„. Според наводите во претставката против неа и повеќе други лица, вработени во ------------ (во подружниците -------------, се води кривична постапка пред Основниот кривичен суд Скопје -------------, Со Решение -------------„ донесено од Основниот кривичен суд Скопје, против неа биле определени повеќе мерки на претпазливост, меѓу кои и „------------- “. Според наводите, работодавачот -------------, со писмен налог бр. 04-2824/3 од 18.12.2024 година, подносителката ја отстранува од работа почнувајќи од 17.12.2024 година, со образложение дека „во текот на работата или во врска со работата стори дејствие кое има обележје на кривично дело“. Со налогот се определува надоместок на плата во висина од 50%.

Во претставката подносителката како комапаративен пример за постоење на дискриминација го наведува случајот со обвинетиот ------------- , исто така вработен во ------------- , на кој со идентично судско решение му се изречени истите мерки на претпазливост, вклучително и забраната за преземање на определени работни активности. Исто така, и други сообвинети лица од истата кривична постапка, кои се вработени во друга подружница на истата компанија, -------------, или воопшто не биле суспендирани или доколку биле, се вратени на работа во јуни 2025 година, иако кривичната постапка против нив се уште е во тек и мерките на претпазливост не се укинати. Поради ваквиот нееднаков и селективен пристап, подносителката се обратила до ------------- со барање за враќање на работно место, во кое детално го


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

образложила дискриминаторскиот третман и побарала да биде вратена на работа, кое барање не е прифатено од страна на работодавачот.

Поради наведеното предлага Комисијата да утврди дека ------------- и неговата подружница ------------- извршиле директна дискриминација врз подносителката -------------- во областа на работните односи, ставајќи го во нееднаква положба во споредба со други вработени во иста компанија кои се наоѓаат во идентична правна и фактичка положба.

Во прилог на претставките доставени се докази за преземените дејствија од страна на подносителите.

Постапувајќи по претставките, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација достави барање бр. 08-581/3 од 22.08.2025 година и барање бр.08-601/2 од 26.08.2025 година за произнесување по наводите од претставките до -------------, како и барања за произнесување бр. 08- 581/2 од 20.08.2025 година и барање бр.08-601/3 од 26.08.2025 година до подружница -------------.

Во доставениот одговор на -------------претставката на -------------и претставката на --------------се наведува дека претставките се неосновани во целост и истите ги оспоруваат. Во одговорот наведуваат дека во конкретните случаи-------------постапил по Решение --------------„ на Судија на претходна постапка на Основен кривичен суд Скопје со кое се изречени мерки на претпазливост за -------------и Решение -------------, од 11.12.2024 година, донесено од Основниот кривичен суд Скопје со кое се изречени мерки на претпазливост за -------------. По добивање на горенаведените решенија ------------- доставил Известување до Подружницата ------------- со цел постапување и спроведување на извршувањето на изречената мерка на претпазливост согласно Законот за работните односи и Колективниот договор. Со овие решенија биле определена мерка „Забрана за преземање на определени работни активности кои се поврзани со кривичното дело„. Мерките на претпазливост, со горенаведените решенија е определено дека ќе траат додека постои потребата од истите а, најдолго до правосилно завршување на постапката. Од страна на ------------- е спроведено извршувањето на определената мерка на претпазливост -Забрана за преземање на определени работни активности во -------------, за работникот -------------, на начин што бил донесен Писмен налог за отстранување на работник од работа арх.бр.04-2824/3 од 18.12.2024 година и за работникот -------------со писмен налог бр. 04-2769/3 од 18.12.2024 година. Согласно одредбите од Законот за кривичната постапка член 144 став 1 точка 7 заради остварување на целта судот може да определи мерки на претпазливост: забрана за преземање на определени работни активности кои се поврзани со кривичното дело, согласно член 148 став 1 решението со кое се определуваат мерките на претпазливост, надлежниот орган го доставува и до органот надлежен за нивното извршување, и според член 149 судот може во секое време да наложи проверка на извршувањето на мерката на претпазливост и да побара извештај од надлежен државен орган кој ги извршува мерките. Според наводите во одговорот оттука произлегува дека основ за донесување на Писмениот налог за отстранување на работниците од работа од ------------- .


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Предметната кривичната постапка е во тек и се води пред Основниот кривичен суд Скопје, односно истата не е правосилно завршена и изречените мерки на претпазливост траат и не се укинати.

По однос на наводите за работникот -------------, -------------известуваат дека од страна на Основниот кривичен суд Скопје до ------------- не е доставено решение или известување дека против тој работник се изречени мерки на претпазливост. Дополнително, од страна на работникот -------------на ден 03.09.2025 година лично до архивата на -------------, е доставен примерок од Решението -------------, заведено под арх.бр.03-1861. Имајќи го во предвид наведеното од ------------- веднаш е доставено Известување за постапување и спроведување на решението арх.бр.03-9621/1 од 04.09.2025 година. По разгледување на Решението -------------, година на Основен кривичен суд Скопје, неспорно е дека усвоен предлогот за определување на мерки на претпазливост и определена е мерка на претпазливост: забрана за преземање на определени работни активности кои се поврзани со кривичното дело и тоа учество во постапка за јавна набавка како член на техничка комисија или воопшто како член во било која комисија за постапка за јавна набавка. Видно од Анекс на Договор за вработување арх.бр.04-1959 од 20.09.2024 година, работникот -------------,го продолжил работниот однос од 20.09.2024 година на работно место Раководител во -------------,и во истиот согласно описот на работни задачи не е предвидена обврска да учествува во постапка за јавна набавка, како член на техничка комисија или воопшто како член во било која комисија за постапка за јавна набавка.

По однос на наводите за вработени од -------------„ известуваат дека до -------------од Основниот кривичен суд Скопје беа доставени повеќе решенија за изречени мерки на претпазливост за повеќе работници, кои соодветно беа доставени до една од двете подружници каде работниците се вработени и ги извршуваат работните задачи и во зависност од содржината на мерката на претпазливост-Забрана за вршење работа во --------------„ работниците или биле отстранети од работното место (чл.83 ст.1 т.4) или беа распоредени на друго работно место.

Оттука со сигурност може да се заклучи дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација туку се работи за случај на поведена кривична постапка против подносителите на претставката како вработени за кривично дело сторено на работа или во врска со работата и -------------,како негов работодавач кој има обврска да постапи и да ја спроведе изречената мерка на претпазливост од судот онака како што е пропишано во самото решение за изрекување на мерката на претпазливост. Оттука наводите кои ги истакнуваат подносителите во претставката се неосновани и на работниците од страна на -------------, не е сторена дискриминација по ниту еден основ. Согласно сето погоре наведено предлагаат Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да не ги прифати наводите изнесени во претставката за заштита од дискриминација и истите да ги одбие како неосновани во целост.

Исто така, во одговорот по наводите од претставките доставени од -------------„ се наведува дека во конкретните случаи не е сторена дискриминација на подносителите на претставките бидејќи се постапувало по Решенија на Судија на


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

претходна постапка на Основен кривичен суд Скопје со кое се изречени мерки на претпазливост за вработените -------------и -------------,.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај не е извршена дискриминација кон подносителите на претставката од страна на нивниот работодавач врз основа на општествен статус и лично својство и во областа на работата и работните односи. Од утврденото произлегува дека не е идентификуван нееднаков третман, ниту понеповолно или различно постапување кон подносителите во однос на другите вработени. За да стане веројатно тврдењето за дискриминација, и за да премине товарот на докажување од подносителот кон потенцијалниот дискриминатор, согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, подносителот треба да докаже постоење јасна причинско-последична врска помеѓу дискриминаторската основа и настанатата повреда. Во конкретниот случај подносителот како дискриминаторски основи ги навел општествен статус и лично својство не појаснувајќи на што точно се однесува неговото тврдење. Подносителот не докажал дека работодавачот постапувал кон него понеповолно во однос на други вработени кои биле опфатени во истата постапка, бидејќи се работи за постапка во која вработените се во различна ситуација во зависност од изречената мерка и описот на работното место. Во недостаток на врска помеѓу дискриминаторската основа и повредата, како и во отсуство на докажано понеповолно постапување, не може да стане збор за дискриминација. Од наведеното произлегува дека не е исполнета законската дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

„ Дискриминација согласно член 6 од истиот Закон е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или не сторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други".

Имајќи го во предвид горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација,

Претседател,
Душан Томшиќ

*Доставено до:*

1. ------------
2. ------------
3. ------------
4. ------------
5. *Архива на Комисијата*


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk